# ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

**1. Вовед**
**1.2. Основни општи податоци за Општина Валандово**
**1.2 Буџет и Одлука за извршување на Буџетот**

**2. Годишна сметка**
**2.1 Приходи на Општина Валандово**
**2.2 Расходи на Општина Валандово**

**3. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите**

**4. Извештај за користење на постојаната и тековната резерва**

**5. Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на Годишната сметка**

## 1. Вовед

### 1.1. Основни општи податоци за Општина Валандово

Според податоците од последниот попис во Општина Валандово живеат 10.590 жители, од кои претежно македонци, а живеат и турци, срби и роми.

Општината се простира на површина од 331 км$^2$ и опфаќа 16 населени места.

Од Буџетот на Општината во втората фаза од децентрализацијата со средства од блок дотациите се финансира работата на пет (5) Буџетски корисници и тоа :

1. ООУ ,, Јосип Броз Тито,, Валандово
2. ООУ ,, Страшо Пинџур,, с. Јосифово
3. СОУ ,, Гоце Делчев,, Валандово
4. ЈОУ Детска градинка ,,Калинка,, Валандово
5. ЈОУ Дом на културата ,,25-ти Мај,, Валандово.

### 1.2. Буџет и Одлука за извршување на Буџет

Буџетот на Општина Валандово за 2025 година е донесен на седница на Советот на Општина Валандово на 25.12.2024 година. На истата седница е донесена и Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година.

Во текот на 2025 година од страна на Советот на Општина Валандово, донесени се две Одлуки за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година – Ребаланси на 30.07.2025 година и на 14.11.2025 година.

Ребалансите се донесени поради зголемување на рамката на Основниот Буџет согласно законските процедури и Буџетот на дотации на Општина Валандово, со кој пренесените салда од предходните години се буџетирани и распоредени по сметки, како и усогласување на висината на дотациите според инструкциите и насоките добиени од Министерството за финансии.

## 2. Годишна сметка

## 2.1 Приходи на Општината

Буџетот на Општина Валандово за 2025 година се состои од :

- Основен Буџет
- Буџет на дотации
- Буџет на самофинансирачки активности
- Буџет на донации
- Буџет на кредити

**Табеларен преглед на планирани и реализирани приходи**

| Сметки | Планирано | Реализирано | % |
|---|---|---|---|
| Основен Буџет | 159.055.000 | 123.291.574 | 77,52 |
| Дотации | 198.077.000 | 196.116.675 | 99,01 |
| Самофинансирачки активности | 13.022.000 | 6.780.294 | 52,07 |
| Донации | 1.050.000 | 432.532 | 41,20 |
| Кредити | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **371.204.000** | **326.621.075** | **88,00** |

а) Табеларен преглед на учеството на реализираните приходи по сметки
во вкупно реализираните приходи во Буџетот на Општина Валандово

| Сметки | Реализирани приходи | % |
|---|---|---|
| Основен Буџет | 123.291.574 | 37,75 |
| Дотации | 196.116.675 | 60,04 |
| Самофинансирачки активности | 6.780.294 | 2,08 |
| Донации | 432.532 | 0,13 |
| Кредити | 0 | 0 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **326.621.075** | **100** |

**На сметката на Основниот Буџет на Општина Валандово планирани и реализирани се следните приходи :**

| ПРИХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **71 Даночни приходи** | **47.525.000** | **37.476.525** | **78,86** |
| 711 Данок на доход од добивка | 7.500.000 | 6.173.695 | 81,84 |
| 713 Даноци на имот | 11.050.000 | 10.477.522 | 94,82 |
| 717Даноци на специфични услуги | 28.870.000 | 20.788.654 | 72,01 |
| 718 Такси за користење и дозволи за вршење на дејност | 105.000 | 36.654 | 34,91 |
| **72 Неданочни приходи** | **3.110.310** | **1.738.354** | **55,89** |
| 722 Такси и надоместоци | 510.266 | 275.752 | 54,04 |
| 723 Административни такси и надоместоци | 500.000 | 375.900 | 75,18 |
| 725 Други неданочни приходи | 2.100.044 | 1.086.702 | 51,75 |
| **73 Капитални приходи** | **12.240.000** | **11.537.851** | **94,26** |
| 731 Продажба на капитални средства | 690.000 | 0 | 0 |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 11.550.000 | 11.537.851 | 99,89 |
| **74 Трансфери и донации** | **96.179.690** | **72.538.844** | **75,42** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власта | 96.179.690 | 72.538.844 | 75,42 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **159.055.000** | **123.291.574** | **77,51** |

Од приложеното произлегува дека вкупните приходи во Основен Буџет се реално планирани со реализација од 77,51%.

## 2.2. Расходи на Општината

Расходната страна на Буџетот на Општина Валандово, планирана е согласно законските прописи, програмското планирање како и потребите на Општина Валандово.

**Табеларен преглед на планираните и реализираните расходи по сметка**

| Сметки | Планирано | Реализирано | % |
|---|---|---|---|
| Основен Буџет | 159.055.000 | 123.291.574 | 77,52 |
| Дотации | 198.077.000 | 195.154.304 | 98,53 |
| Самофинансирачки активности | 13.022.000 | 6.531.753 | 50,16 |
| Донации | 1.050.000 | 432.532 | 41,19 |
| Кредити | 0 | 0 | |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **371.204.000** | **325.410.163** | **87,66** |

**а) Табеларен преглед на учество извршените расходи по сметки по вкупните расходи во Буџетот на Општина Валандово**

| Сметки | Реализирани расходи | % |
|---|---|---|
| Основен Буџет | 123.291.574 | 37,89 |
| Дотации | 195.154.304 | 59,97 |
| Самофинансирачки активности | 6.531.753 | 2,01 |
| Донации | 432.532 | 0,13 |
| Кредити | 0 | 0 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **325.410.163** | **100** |

**Табеларен преглед на планираните и реализираните расходи во Основен Буџет**

| РАСХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **40 Плати, наемнини и надоместоци** | **30.777.000** | **29.737.722** | **96,62** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 17.681.000 | 17.370.537 | 98,24 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 8.524.000 | 8.241.705 | 96,69 |
| 404 Надоместоци | 4.572.000 | 4.125.480 | 90,23 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **300.000** | **15.000** | **5,00** |
| 412 Постојани резерви | 50.000 | 0 | 0,00 |
| 413 Тековни резерви | 250.000 | 15.000 | 6,00 |
| **42 Стоки и услуги** | **38.286.000** | **33.203.157** | **86,72** |
| 420 патни и дневни расходи | 560.000 | 25.500 | 4,55 |
| 421комунални услуги, греење комуникации и транспорт | 15.260.000 | 13.496.366 | 88,44 |
| 423 ситен инвентар и резервни материјали за поправка | 3.230.000 | 2.867.202 | 88,77 |
| 424 поправки и тековни оддржувања | 4.907.000 | 3.525.925 | 71,86 |
| 425 договорни услуги | 8.553.000 | 8.118.340 | 94,92 |
| 426 други тековни расходи | 1.276.000 | 933.031 | 73,12 |
| 427 привремени вработувања | 4.500.000 | 4.236.793 | 94,15 |
| **45 Каматни плаќања** | **430.000** | **408.519** | **95,00** |
| 451 каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | 430.000 | 408.519 | 95,00 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **20.515.000** | **16.052.691** | **78,25** |
| 461 субвенции за јавни претпријатија | 210.000 | 210.000 | 100,00 |
| 463 трансфери за невладини организации | 1.359.000 | 1.302.718 | 95,86 |
| 464 разни трансфери | 18.946.000 | 14.539.973 | 76,74 |
| **47 Социјални бенифиции** | **1.000.000** | **650.588** | **65,06** |
| 471 Социјални надоместоци | 1.000.000 | 650.588 | 65,06 |
| **48 Капитални расходи** | **67.747.000** | **43.223.897** | **63,80** |
| 480 Купување на опрема и машини | 50.000 | 11.967 | 23,93 |
| 482 Други градежни објекти | 67.697.000 | 43.211.930 | 63,83 |
| ВКУПНО | **159.055.000** | **123.291.574** | **77,52** |

Во вкупно реализираните расходи во Основниот Буџет, капиталните расходи учествуваат со 35,06%, расходи за стоки и услуги со 26,93%, расходи за плати и надоместоци со 24,20%, субвенции и трансфери со 13,02%, социјални бенифиции со 0,53%, резерви и недефинирани расходи со 0,01% и каматни плаќања 0,33%.

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Валандово на 31.12.2025 година изнесува **8.107.772** денари и претставува прилив во Буџетот на Општина Валандово за 2026 година.

На крајот на буџетската година салдото на сметките на Буџетот изнесува:

- Салдото на сметката на Основниот буџет изнесува 4.764.333 денари и се пренесува како прилив на Основниот Буџет за 2026 година.
- Салдото на сметката на Дотации изнесува 2.068.448 денари и се пренесува како прилив во Буџетот на Дотации за 2026 година.
- Салдото на сметката на Самофинансирачки активности изнесува 901.586 денари и се пренесува како прилив во Буџетот на Самофинансирачки активности за 2026 година.
- Салдото на сметката на Донации изнесува 373.405. денари и се пренесува како прилив во Буџетот на Донации за 2026 година.
- Салдото на сметката на Кредити изнесува 0 денари .

## 3. Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите

Во рамките на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година реализирани се следниве инвестициони програми :

1. Во Програмата ЈД – Изградба и реконструкција на локални улици и патишта . реализирани се средства во износ од **18.648.479 денари** :

   - **2.861.175 денари** – Реконструкција на улица „Поројска" во село Удово,
   - **4.077.077 денари** – Изградба, реконструкција и санација на локални улици на
   - територијата на Општина Валандово за 2025 година,
   - **10.010.227 денари** – Изградба на новопланирана улица во комплекс со намена Г2,
   - Г3 и Г4 во КО Јосифово,
   - **1.700.000 денари** – Изградба на инфраструктура во населено место Калково.

2. Во Програма ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води, реализирани се средства во износ од **757.046 денари:**
   - **303.800 денари** – Ископ на бунар за водоснабдување и набавка и монтажа на потопна пумпа за Казандол.
   - **453.246 денари** – Изградба на фаза на водоводен систем за село Калково, Општина Валандово (учество на Општина Валандово)

3. Во Програма КА – Културни манифестации и творештво (капитални расходи) реализирани се средства во износ од **4.049.634 денари за:**

   - Санација на кров и фасада на Културен центар во Валандово.

4. Во програма ГА- Изградба на комерцијални објекти (капитални расходи) реализирани се средства во износ од **4.084.437 денари**:

   - Изградба на капела на градски гробишта во Валандово.

5. Во програма РА – Заштита на животната средина и природа (капитални расходи) реализирани се средства во износ од **15.595.667 денари:**

   - Изградба на дел од колектор во град Валандово.

6. Во програма ФА – Уредување на градежно земјиште (капитални расходи) реализирани се средства во износ од **76.667** денари за геодетски елаборати и хидро истражувања за капитални проекти.

7. Во програма ЕА – Капитални трошоци на општината реализирани се средства во износ од **11.967** за купување на опрема.

8. Од Буџетот на дотации за купување на опрема и изработка на проект од буџетските корисници реализирани се средства во износ од **1.238.425** денари.

За исплата на платите на вработените и трошоците за тековно работење како и капитални расходи во програмите :

- Н1 – Основно Образование
- Н2 - Средно Образование
- В1 – Детски Градинки
- К1, К2 и К3 – Култура
- ЊО - ППЗ

потрошени се средства од блок дотации во износ од 195.154.304 денари.

## 4. Извештај за користење на финансиските средства од постојаните тековните резерви

Средствата планирани во Буџетот за постојаната и тековната резерва во износ од 300.000 денари во 2025 година се искористени во износ од 15.000 денари.

## 5. Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка

Одговорниот сметководител потврдува дека Годишната сметка за 2025 година е изготвена во согласност со важечките законски прописи на државата и сите податоци искажани во Годишната сметка се веродостојни и точни.